

# Споредбено право на државите од Западен Балкан, членките на ЕУ во однос на извршувањето врз подвижни предмети и права спрема државата и нејзините органи

*Радица Лазареска Геровска*
Државен советник во
Министерството за правда

# Извршувањето во ЕУ

Извршувањето е "ефектуирање" на судските одлуки и другите судски или несудиски извршни исправи.

Ефикасното извршување на обврзувачките судски одлуки е основен елемент на владеењето на правото и клучен предуслов за функционирањето на правдата на европското подрачје

Консултативниот совет на европските судии (CCJE), утврдил дека постапката за извршување мора да биде:

- во согласност со основните човекови права и слободи,
- едноставна за започнување,
- брза и ефективна ,
- да биде регулирана со транспарентна правна рамка,
- достапна и разбирлива за сите страни .

Извршувањето на извршните исправи во ЕУ останува национално прашање и веројатно еден од "најнејасните" елементи на судските системи.

# Извршувањето во земјите на ЕУ



# ЕУ- Атлас за извршување 2021

Извршната исправа е правната основа за стекнување со правото на извршување на побарувањето.

Извршните исправи не се исти во рамките на ЕУ, но може да се издвојат неколку широки категории: судски пресуди, арбитражните одлуки, нотарските исправи и административните одлуки, и истите се директно спроведливи во речиси сите правни системи на граѓанското право, додека во системите со обичајно право извршни исправи се само судските пресуди и арбитражните одлуки.

Во принцип, извршувањето се спроведува врз сите средства на должникот. Сепак, во сите правни системи, постојат одредени исклучоци од ова правило, во смисла на тоа дека одредени предмети и средства се изземени од извршувањето, во зависност од важноста што може да ја имаат за **лицето** спрема кое се извршува, а во однос на зачувувањето на минималниот животен стандард.

# ЕУ- Атлас за извршување 2021

Ваквите предмети вообичаено се облеката на должникот и неговото семејство, како и приборот за готвење и есенцијалниот семеен мебел, со исклучок на луксузниот мебел и луксузните добра, како и секој предмет неопходен за целите на образование или професионална обука на лицето спрема кое се извршува или на децата кои живеат со него во исто домакинство под истиот покрив, одредени експлицитно опишани предмети, обично мебел или стока незаменлива за професијата на должникот спрема кој се извршува, (обично до одредена вредност).

Практично сите јурисдикции предвидуваат дел од платата на должниците – физички лица, да е изземен од извршувањето, како и од износите наменети за поддршка на децата и износите на алиментација.

Пропишувањето на изземените предмети го покажува вистинскиот интерес на легислативата на земјите-членки да се погрижат за личните потреби на граѓаните и останатите луѓе кои престојуваат на нивната територија.

**Сите се поврзани со јадрото на човечката личност и потребата за нејзина заштита, ова е заеднички елемент во сите земји-членки (иако изразен на различни начини) и израз на заедничките европски вредност**

# ЕУ- Атлас за извршување 2021

Одредени земји имаат различни одредби за плаќањето на извршните трошоци кога станува збор за државата како доверител авансно плаќање) или како должник.

**Хрватска** -ако државата да е доверител или должник, таа е ослободена од плаќање на судските такси, но не е ослободена од авансирање на другите трошоци за извршување. **Државата не е ослободена од авансирање на трошоците за извршување во случај извршувањето да биде неуспешно.**

**Финска и Литванија**-судски власти, даночните власти, обвинителите и органите за предистражна истрага се ослободени од таксите за извршување, ако се јавуваат како доверители.. **Ако јавното тело е должник во случајот за извршување, нема ослободување од плаќање на трошоците за извршување**.

**Германија**- не се наплаќа аванс од институциите, органите и јавни претријатија кои се финансираат од буџетот на Федерацијата и сојузните држави и се ослободуваат од трошоците

**Словенија**- државата доверител, е ослободена само од плаќање на судските такси, но не и од авансирање на другите извршни трошоци. Државата не е ослободена од авансирање на трошоците за извршување во случај извршувањето да биде неуспешно. **Во случај државата да е должник, таа не е ослободена од плаќање на трошоците за извршување**.

Стразбур,11 декември 2015.

CEPEJ(2015)10

**ЕВРОПСКА КОМИСИЈА ЗА ЕФИКАСНОСТ НА ПРАВОСУДСТВОТО (CEPEJ)**

# Водич за добри практики на извршувањето

Усвоен на 26-тото Пленарно заседание на CEPEJ

одржано на
10. и 11. декември 2015 година

# Извршувањето во Советот на Европа

Европскиот суд за човекови права го поврза извршувањето со барањата за правото на фер судење, по што извршувањето на судските одлуки стана еден од главните фокуси на работата на Советот на Европа.

Водечка пресуда Hornsby наспроти Грција од 19 март 1997 година (А. бр. 18357/91), во која Судот утврди дека правото на пристап до суд *"би бил илузорен доколку домашниот правен систем на државата - договорничка дозволува конечна и извршна судска одлука да остане неоперативна на штета на едната страна. Би било незамисливо членот 6§1 да ги опише во детали процесните гаранции за страните ... без заштита на спроведувањето на судските одлуки. ... Извршувањето на пресудата донесена од било кој суд мора да се смета како интегрален дел од "судењето" во смисла на членот 6 ".*

▪

Целта на Водичот е да се обезбеди ефикасност на европските стандарди за извршување преку 82- те точки наменети за поставување на темелите на системот на извршување, со акцент на постигнувањето на рамнотежа помеѓу правата на доверителите и должниците.

.

▪

## Водич за добри практики на извршувањето - CEPEJ 2015

**1. Доверување на процесите за извршување во надлежност на извршителите/**

1.1. Обемот на функциите на извршителите како преку извршување на извршни наслови, така и на секундарните активности

1.2. Законски гаранции за извршители

1.2.1. Правила на стручна обука

1.2.2. Правила за вршење на професијата

2. **Потврда дека страните целосно го разбрале процесот на извршување преку:**

**2.1.** Информирање на страните за процесот на спроведување

2.2. Разбирливоста на важечката применливата законска регулатива

**3. Обезбедување на квалитет за спроведување на постапките за извршување** преку:

3.1. Барање на висок квалитет во извршување на постапките

3.2. Контрола на квалитетот на постапките за извршување

4. **Промовирање на употребата на заедничка правна терминологија за извршување**

## Водич за добри практики на извршувањето - CEPEJ 2015

- 3.1.2.1.1. Гаранции дека се почитуваат правата на должниците
- 3.1.2.1.1.3. Обезбедување на пристојни услови за живот на должниците и нивните семејства преку утврдување на изземања на одредени средства кои им припаѓаат на должниците.

**Во принцип, целиот имот на должниците треба да се користи за да ги отплатат своите долгови и,** треба да постои можност за примена на извршните мерки врз сите средства кои им припаѓаат на должниците (без разлика дали се материјални или нематеријални, подвижни или недвижни, регистрирани или нерегистрирани), без оглед на тоа каде се лоцирани.

**Сепак, треба да се обезбедат граници на изземање на имотот на должниците во националното законодавство (како што се, на пример, подвижни средства потребни за живот и работа на должниците и на нивните семејства или предмети што се од суштинско значење за лицата со посебни потреби или лекување на болни лица). Пожелно е таквите ограничувања во однос на изземањата да бидат поставени на една исцрпна листа.**

**Правила специфични за извршување на постапките кои се однесуваат на банкарските сметки.** Во постапките за извршување која се применува на банкарски сметки, сумата за покривање на трошоците за издржување (утврдени од националното законодавство) може да бидат автоматски оставени на располагање на должникот.

## Водич за добри практики на извршувањето - CEPEJ 2015

**Усогласеност со законските правила кои се однесуваат на претпријатија кои имаат финсиски тешкотии и се однесуваат на презадолженоста на физичките лица.**

- Националното законодавство треба да обезбеди услови за доследен (конзистентен) пристап за извршување на граѓанските извршни постапки и кон правните лица кои се соочуват со финансиски тешкотии, како и во однос на презадолжените физички лица. На пример, онаму кога тоа е неопходно за престуктуирање /обновување на должникот-приватна компанија, државата може да организира и процедури за да се исчистување на долговите.

**Државата нитусе споменува во насоките, ниту пак има посебен/повластен третман.**

**Напротив, има предвидено само екстра обврски како гарант за презадолжените физички лица.**

# Релевантни пресуди на ЕСЧП

- CASE OF IMMOBILIARE SAFFI v. ITALY (A.no. 22774/93) 1999

11 години Иммобилиаре Саффи била оставена во состојба на неизвесност кога ќе може да го поврати својот стан. Тој не можел да се обрати ниту до судија на извршната постапка ниту до управниот суд. Тој немал начин да ја примора Владата да земе во предвид било кои посебни потешкотии на кои би можел да наиде како резултат на каснењето на деложацијата и без никакви изгледи да добие надомест заради долготрајната постапка од италијанските судови, а за кое време ниту можел да го продаде ниту да го издава станот по пазарна вредност.

Судот се согласи со Комисијата дека системот на одложување на извршувањето на наредбите за деложација, во контекст на веќе 6-год чекање поради легислативното суспендирање на извршувањето заради т.н.општ интерес претставува прекумерен товар за апликантот и согласно тоа

# Релевантни пресуди на ЕСЧП

- Burdov v. Russia (A.59498/00) 2002

- Член 6 § 1 - Не е дозволено за државен орган да го наведува недостатокот на средства како изговор за неизвршување на судска пресудата и, додека одложувањето на извршувањето на пресудата може да биде оправдано во одредени околности, не може да биде такво што ќе го направи членот 6 § 1 лишен од својата цел. Интересот на апликантот не требал да биде оштетен од наводните финансиски потешкотии што ги има државата. Со воздржување со години од преземање на неопходните мерки за исполнување на конечните пресуди, властите го повредиле членот 6 § 1 од сите корисни ефекти.

- Член 1 од Протокол бр. 1 - Пресудите на Градскиот суд му обезбедиле на апликантот извршна исправа. Бидејќи пресудите станале правосилна и била иницирана постапката за извршување, неможноста за нивното извршување претставува мешање во правото на апликантот на мирно уживање во неговиот имот. Неизвршувајќи ги пресудите, националните власти го спречиле апликантот да ги добие парите што можел разумно да

# Релевантни пресуди на ЕСЧП

- Burdov v. Russia (no. 2)(A. 33509/04) 2009 Пилот пресуда

- Неизвршувањето на судските пресуди многу често се случувало во случаи кои се однесуваат на исплатата на пензии, детски надоместоци и надомест за штети претрпени за време на воената служба или за незаконско гонење. Околу 700 случаи кои се однесуваат на слични факти моментално се во тек и во некои случаи може да доведе до пронаоѓање на втор сет на прекршувања на Конвенцијата во однос на истите апликанти……

- Не успевајќи да ги извршат пресудите, националните власти го спречиле апликантот да ги добие парите што тој разумно очекувал да ги добие. Владата не обезбедила никакво оправдување за ова мешање и недостатокот на средства не можел да го оправда таквиот пропуст. Заклучок: повреда (едногласно).

# Глобален кодекс за извршување на UIHJ

ЧЛЕН 1: ОСНОВНИ ПРАВА ВО ИЗВРШУВАЊЕТО Секој доверител кој поседува извршна исправа, било да е таа од судска или друга природа, има право на ефективен пристап до нејзиното извршување во однос на обврските на утврдениот должник , во строга согласност со законските услови и подлежат на изземање од извршувањето под условите предвидени со домашното или меѓународното право. Ова правото е загарантирано без дискриминација и без оглед на износот на побарувањето.

ЧЛЕН 2. ДОЛЖНИКОТ ОДГОВАРА ЗА СВОИТЕ ДОЛГОВИ СО ЦЕЛИОТ СВОЈ ИМОТ Должникот одговара за долговите со целиот свој имот, каде и да се наоѓа . Националните закони може да бара од должникот да се произнесат за својата имотна состојба. Државата мора да обезбеди санкции за непочитувањето на оваа обврска.Должникот кој намерно се доведува себеси до

# Глобален кодекс за извршување на UIHJ

- ЧЛЕН 25. ИМОТ КОЈ НЕ МОЖЕ ДА БИДАТ ЗАПЛЕНЕТ

Сиот имот на должникот може да бидат запленет со исклучок на оној за кој со националниот закон е пропишано дека не може да бидат предмет на извршување. Во случај на заплена на банкарска сметка, определен износ на средства мора да му биде оставен на располагање на **должникот, доволни за негово издржување или на неговото семејство, а износот се определува со закон**.

# Цели на новиот систем на извршување во РМ 2005 год

## Слабости во постојниот систем на извршување- причина за донесување на новиот Закон за извршување

- преголема контрола на извршните судии во однос на постапката; фаворизирана положба на должникот;
- несоодветен статус и ограничени овластувања на службените лица во судовите;
- проблеми со доставување на судските писмена;
- многубројни можности за приговори и прекини на постапката од страна на должникот, но и од трети лица;
- недостаток од веродостојни јавни книги и регистри и проблеми со лоцирање на активата на должникот;
- недоволна информираност на доверителите;
- трансакции чија цел е измама на доверителите;
- ниското ниво на техничка опременост и материјално кадровската екипираност на одделите за извршување во судовите.

## Цел кон која се стреми Законот за извршување

- создавање на ефикасен правен систем;
- поволна бизнис клима која би привлекла странски инвеститори;
- исполнување на потребите на модерната пазарната економија во земјата,
- привлекување на странски капитал ;
- Законот е усвоен на 5 мај 2005 година и објавен во СЛ.весник на РМ бр. 35 од 18.05.2005 ;
- Измените на Законот за извршување усвоени 12 април 2006 и објавени во Сл.весник бр. 50/2006
- Започнува со примена на 26.05.2006

# Домашно законодавство

**Извршување врз подвижни предмети и права спрема Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија**

- Член 218
- (1) Врз предмети и права на Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи.
- (2) Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот ќе определи претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство, ако во текот на спроведувањето на извршувањето, странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба.

# Став на Собранието на РМ 2011

- „Применувајќи го член 211 од ЗИ, претседателите на судовите кога одлучуваат по приговори за неправилности при извршување поднесени од РМ, државни органи, општини и јавни претпријатија, определуваат минимум парични средства кои се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот. Во постапката по приговор, на рочиште, со вештачење, се утврдува месечниот минимум односно тековните обврски на месечно ниво на должникот , со што должникот не би се довел во ситуација да не може да ја врши својата дејност од јавен интерес, за која е основан. Од горенаведеното неспорна е примената на членот 211 од ЗИ , од страна на претседателите на судовите кога одлучуваат по приговори за ут рдување на минимален износ на парични средства потребни за извршување на основните функции на општините,јавните претпријатија и државните органи над кои не може да се спроведе извршување“

# Правно мислење на Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија 12/2022

- Претседателот на основниот суд на чие подрачје се спроведува извршувањето за остварување на парично побарување спрема Република Северна Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија е овластен да определи кои средства што се наоѓаат во нивните сметки кај носителите на платен промет, се неопходни за вршење на нивната дејност
- Впрочем во рамките на ова правно прашање Врховниот суд на Република Северна Македонија преку сентенца под бр.71, страна 225, објавена во Збирката на судски одлуки 2001-2004 година, книга X, изразил правен став кој гласи: Пред донесувањето на решението по предлогот за извршување врз подвижни средства на Република Македонија, судот треба да утврди дали тие средства се неопходни за вршење на нивните основни задачи

# Тековна состојба во РСМ

- Сериозни и бројни рекации од стопанството
- 184 апликации пред ЕСЧП само за неизвршувања спрема Македонија пат, 4 Студентски дом Скопје,
- 1 општина Тетово= 190 комуницирани до РСМ 2023
- ЗАКЛУЧОК БР.41-3194.5 ОД 10.04. 2023 ГОДИНА МП задолжено да ги соглед состојбите во однос на примената на одредбите од члн 218

# Државата како доверител и должник

| година | Вкупен број на примени предмети пред извршители | Државата како должник | Државата како доверител | Вупен број на реализирани предмети | Реализиран и против државата како должник | Реализирани на државата како доверител |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 88723 | 3930 | 3593 | 56163 | 3046 | 642 |
| 2018 | 112259 | 5086 | 1483 | 62515 | 4021 | 472 |
| 2019 | 121140 | 4270 | 1811 | 56726 | 3407 | 424 |
| 2020 | 100760 | 3928 | 1866 | 44889 | 2726 | 533 |
| 2021 | 124404 | 5502 | 1829 | 63069 | 4280 | 948 |
| 2022 | 152079 | 7439 | 2545 | 58201 | 5803 | 1118 |



Chart Title
Реализирани на државата како доверител
1118
948
533
472
642
Реализирани против државата како должник
5803
4280
2726
4021
3046
Вупен број на реализирани предмети
58201
63069
44889
62515
56163
Државата како доверител
2545
1829
1866
1483
3593
Државата како должник
7439
5502
3928
5086
3930
Вкупен број на примени предмети пред извршители
152079
124404
100760
112259
88723
0
20000
40000
60000
80000
100000
120000
140000
160000
2022
2021
2020
2019
2018
2017

# Државата како доверител и должник

| година | Вкупен број на примени предмети пред извршители | Државата како должник | Државата како доверител | Вупен број на реализирани предмети | Реализирани против државата како должник | Реализирани на државата како доверител |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | % од вкупна бројка предмети | 4,4% | 4% | 63,3% | 5,4% | 1,1% |
| | % од поднесените спрема држава | | | | **77,5%** | **17,8%** |
| 2018 | % од вкупна бројка предмети | 4,5% | 1,3% | 55,6% | 6,4% | 0,7% |
| | % од поднесените спрема држава | | | | **79%** | **31,8%** |
| 2019 | % од вкупна бројка предмети | 3.40% | 1,5% | 46,8% | 6% | 0,7% |
| | % од поднесените спрема држава | | | | **79,7%** | **23,4%** |
| 2020 | % од вкупна бројка предмети | 3,9% | 1,8% | 44,9% | 6,7% | 1,2% |
| | % од поднесените спрема држава | | | | **69,4%** | **28,5%** |
| 2021 | % од вкупна бројка предмети | 4,4% | 1,5% | 50,7% | 6,8% | 1,5% |
| | % од поднесените спрема држава | | | | **77,8%** | **51,8%** |
| 2022 | % од вкупна бројка предмети | 4,9% | 1,7% | 38,2% | 10% | 2% |
| | % од поднесените спрема држава | | | | **77,8%** | **51,8%** |

# Долгови на државата




Долгови на државата
3500
3000
2500
2000
1500
1000
500
0
254
252
401
953
1143
3003
103
81
249
133
96
662
124
93
54
102
163
536
189
275
289
558
542
1853
10
21
12
36
62
141
државни органи
единици на локална самоуправа
JP формирани од држава или од локална самоуправа
образовни институции, здравствени институции и други корисници на буџетски средсва
Број на одлуки на Претседател на суд за утврден месечен лимит
2018
2019
2020
2021
2022
Вкупно

СО ЗЛОУПОТРЕБА НА „ЗАШТИТЕН БУЏЕТ“ ШТО ГО ОДРЕДУВА СУДОТ, ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ГИ РЕКЕТИРААТ ПРИВАТНИТЕ БИЗНИСИ И НЕ ИМ ГИ ПЛАЌААТ ДОЛГОВИТЕ   Според податоци од бизнис-коморите, со помош на оваа алатка, државните и општинските институции на приватните фирми им должат во моментов пола милијарда евра.

Не само што не си ги плаќаат долговите и се изживуваат врз приватниот бизнис, туку бараат и 10 отсто мито ако решат да вратат дел од долг, според укажувач кој се јави во редакцијата САКАМДАКАЖАМ.МК во рамки на алатката „ 13.11.2023

*БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО*

*Време е за вашите прашања*